# ЗАВЕРКА НА ЛЕТЕН СЕМЕСТАР ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024
# И ЗАПИШУВАЊЕ НА
# ЗИМСКИ СЕМЕСТАР ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025

## Електронско бирање предмети iKnow:

**до - 30.9.2024**
**втора година – до 24.9.2024**
**трета година – до 26.9.2024**
**четврта година и повеќе до 30.9.2024**

## Поднесување документи во Студентски прашања
## со задолжително електронски избрани предмети

**втора година – 23.9. - 24.9.2024**
**трета година – 25.9. - 26.9.2024**
**четврта година и повеќе до 30.9.2024**

**Работното време со студенти во наведениот период е од 8:30 до 15:30 часот**
**ПАУЗА 10:00 ДО 10:30 часот**

**Ве молиме за задолжително почитување на термините по студиски години во спротивно по истекот на последниот рок се смета за задоцнето запишување.**

**ЕЛЕКТРОНСКО БИРАЊЕ:** Ве молиме по извршеното бирање на предметите повторно да го проверите вашиот профил, односно избраните предмети.

**ДОКУМЕНТИ ПОТРЕБНИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА СЕМЕСТАРОТ:**

1. **Уплатница за платена партиципација/школарина, уплатена на сума пресметана според тоа колку кредити запишува студентот, согласно упатството во прилог 1**

**Предмети кои ќе ги запишувате (слушате) во зимскиот семестар 2024/2025 задолжително претходно да ги изберете во iKnow. Студентите кои поради повеќе ЕКТС кредити имаат проблеми со бирање на предметите во iKnow системот предметите ќе им бидат внесени од страна на референтите во Одделението за студентски прашања.**

***Освен износот на ЕКТС кредитите, студентите не треба да плаќаат за запишување на предмет по вторпат/третпат.**

2. **Уплатница во износ од 750 денари - за информативни, информатички, културни и спортски активности на студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со назнака ИКСА на УКИМ - Филолошки факултет „Блаже Конески", на:**
   **- жиро сметка 100000000063095**
   **- депонент: НБРСМ со сметка на буџетски корисник 1600103689 788 18**
   **- приходна шифра 723012,**
   **- програма 41**

3. **Потврда за уплата на 2000 денари за материјални ресурси за реализација на студиските програми.**
   **Уплатата треба да се изврши на следнава жиро сметка:**
   **-Назив на примачот: Буџет на РСМ - ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ„БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**
   **-Банка на примачот: НБРМ**
   **- Сметка: 100000000063095**
   **- Сметка на буџетски корисник: 1600104235 788 10**
   **- приходна шифра: 723012**
   **- програма 41**

**4. Потврда за уплата на 150 денари – за е-обрасци за заверка на летен семестар 2023/2024 и запишување и заверка на зимски семестар 2024/2025 година на:**
**- жиро сметка 100000000063095**
**- депонент: НБРСМ со сметка на буџетски корисник 1600103689 788 18**
**- приходна шифра 723019,**
**- програма 41**
**- цел на дознака: обрасци за запишување и заверка на семестар за Филолошки факултет.**

5. **Пополнет индекс во кој се запишани претходно избраните предмети согласно упатството во прилог 2**

## ВАЖНИ НАПОМЕНИ:

- Согласно Правилата за студирање на студиските програми прв циклус универзитетски студии на Филолошкиот факултет кој гласи “студентите од прв циклус на студии имаат право да ги завршат започнатите студии според условите и студиската програма на која се запишале, најдолго во период што е два пати подолго (4 + 4 години)  од пропишаното траење на студиите”
- Студентите запишани во квота со партиципација (државна квота) го губат статусот на студент запишан во квота со партиципација и ги продолжува студиите во квота со школарина ако: еден предмет запишува по трет пат; не освоил најмалку 50% од запишаните кредити во одреден семестар до почетокот на наредниот соодветен (зимски, односно летен) семестар; доколку прекинот на студиите трае 3 (три) и повеќе последователни семестри.
- Студентите коишто го положиле последниот испит од студиската програма и им е останата само одбраната на  дипломската работа треба веднаш по положувањето на последниот испит да го достават индексот во Одделението за студентски прашања за проверка на студентското досие и исполнетоста на условите за одбрана на дипломската работа.

- Студентите кои ја имаат запишано дипломска работа во зимскиот семестар и на кои рокот за изработка односно одбрана на дипломската работа го преминува рокот за запишување на летниот семестар вршат запишување на летниот семестар со уписен лист и лист за заверка на семестар и уплата од 1000 денари. Оние студенти на кои дипломската работа им останува како обврска во летниот семестар должни се да ја запишат, односно презапишат со подмирување на трошоците за дипломската работа.
- Студентите запишани во академската 2017/2018 должни се да ги завршат своите обврски согласно студиската програма до 30.9.2025 година во спротивно преминуваат по активните студиски програми.